Независен академски
синдикат
НАкС Бр. 04-1/1
11.09 2020 год.
СКОПЈЕ

Независен академски синдикат
ул. „Славе Деловски“ бр. 7, 1000 Скопје / тел. 074 203 113 / info@naks.org.mk / www.naks.org.mk

Врз основа на член 47 и член 55 од Статутот на Независниот академски синдикат, Советот на НАКС на седницата одржана на 11.09.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор и отповикување на членови за делегати на Конгрес и кандидати за органи на Независниот академски синдикат**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува изборот и условите за именување и отповикување на делегати на Конгресот, Претседателот на НАКС, Советот, Надзорниот одбор и Статутарната Комисија, постапките и начинот на работа и избор во самите синдикални организации, изборната комисија, Советот на НАКС, Претседателот на НАКС, и сите членови на синдикатот во својство на органи и учесници на изборниот процес и одговорноста за примена на одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Собрание на синдикална организација и Конгресот на НАКС се одржуваат непосредно, со физичко присуство или преку електронска платформа, којашто овозможува видео и аудио конференциска врска.

Член 3

(1) Членовите на синдикалните организации на непосредни и слободни избори избираат делегати на Конгрес на НАКС.
(2) По исклучок од ст.1, во услови кога не е можно одржување на избори со физичко присуство, може да се пристапи кон електронско гласање, но по претходна одлука на Советот на синдикалната организација, донесена со мнозинство гласови.
(3) Делегатите на Конгресот избираат Претседател на НАКС, како и членови на Совет, Надзорен одбор и Статутарна Комисија.

Член 4

(1) Член на синдикална организација може да гласа доколку како член на НАКС е евидентиран во единствениот избирачки список.
(2) Единствениот избирачкиот список го води Советот на НАКС, кој се темели врз основа на списокот на членови кои редовно плаќаат членарина.

Член 5

(1) Конгресот како највисок орган на НАКС го сочинуваат:
- делегати од секоја синдикална организација, и тоа најмалку по 1, а најмногу по 2 делегата, ако синдикалната организација брои над 50 члена
- Претседателот/в.д. Претседателот на НАКС
- членовите на Советот, Извршниот Одбор и Надзорниот одбор
- членовите на Статутарната комисија
- претседателите на синдикалните организации односно вршителите на должност, кои биле на функција во моментот на свикување на Конгресот.

(2) Делегатите од ст.1 алинеа 2, 3, 4 и 5 се делегати по функција.

## II. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Член 6

(1) Изборите за делегати на Конгресот и за кандидати за органите на синдикатот, секои четири години ги распишува Советот на НАКС, најдоцна 45 дена пред истекот на мандатот на делегатите на Конгресот односно пред одржување на Конгресот.
(2) Доколку Советот од било кои причини не распише избори во предвидениот рок од претходниот став, изборите можат да бидат распишани и со одлука на Извршниот одбор на НАКС со просто мнозинство.
(3) Одлуката за распишување на изборите и одржување на изборниот конгрес, задолжително се објавува на официјалната web страница на синдикатот.
(4) Со денот на донесување на одлуката за распишување на избори и одржување на Конгрес, почнуваат да течат роковите за спроведување на изборните дејствија.
(5) Изборите на делегати на Конгресот и на кандидати за органите на синдикатот се спроведуваат во сите синдикални организации, во рок од 15 дена од донесувањето на Одлуката за распишувањето на изборите и одржување на Конгрес.

## III. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ОТПОВИКУВАЊЕТО

Член 7

(1) Органи за спроведување на изборите се: 1. Избирачки одбори; и 2. Изборна комисија
(2) Делегатот во Конгресот, може да го отповика само избирачкото тело кое го избрало.
(3) Претседателот на НАКС и другите кандидати за членови на органите на синдикатот може да бидат отповикани односно разрешени од Конгресот во постапка и под услови утврдени во Статутот на синдикатот.

Член 8

Избирачки одбори од член 5 на оваа одлука се формираат за секоја синдикална организација, посебно.

Член 9

(1) Избирачкиот одбор е составен од три члена и тоа претседател и два члена, со мандат од четири години. Членовите на избирачкиот одбор ги бира Собранието на синдикалната организација.
(2) Изборна комисија е составена од пет члена и тоа претседател и четири членови, со мандат од четири години.
(3) Членовите на изборната комисија ги избира Советот на НАКС од редот на сите членови на НАкС најдоцна со донесувањето на Одлуката за распишување на изборите и одржување на Конгрес.
(4) Изборната комисија работи и одлучува доколку на седница се присутни мнозинство членови од вкупниот број членови.

Член 10

Избирачкиот одбор:
1. Се грижи за спроведување на изборите и отповикување на делегати на Конгресот и за спроведување на изборите на кандидати за органите на синдикатот, во синдикалните организации;
2. Врши техничка подготовка на изборите;
3. Раководи со гласањето на изборите и отповикувањето и обезбедува законитост и статутарност на гласањето;
4. Го спроведува електронското гласање, доколку е донесена одлука за истото;
5. Ги утврдува, односно ги сумира резултатите од гласањето и за истото составува записник кој го предава до Изборната комисија на НАКС;
6. Врши други работи утврдени со оваа одлука.

Член 11

Изборната комисија:
1. Се грижи за спроведување на изборите и отповикување на делегати на Конгресот и за спроведување на изборите на кандидати за органите на синдикатот;
2. Ги утврдува, односно ги сумира резултатите од гласањето добиени од Избирачките одбори и истите ги доставува до Извршниот одбор;
3. Врши техничка подготовка на изборите;
4. Утврдува листи на предложени кандидати за членови во Советот, Надзорниот одбор, Статутарна Комисија и делегати на Конгресот и истите ги доставува до Извршниот одбор за евидентирање;
5. Утврдува листи на кандидати за избор на Претседател на синдикатот и истите ги доставува до Извршниот одбор за евидентирање;
6. Го спроведува електронското гласање, доколку е донесена одлука за истото;
7. Раководи со гласањето на изборите и отповикувањето и обезбедува законитост и статутарност на гласањето на конгресот
8. Било кој од нејзините членови може да присуствува на секое избирачко место каде што се спроведува гласањето во синдикалните организации, секогаш кога ќе утврди потреба за истото;
9. Поднесува извештај до Верификациона комисија на Конгресот за резултатите од гласањето за избор на делегати, со цел верификација на нивниот мандат на Конгресот;
10.. Поднесува писмен извештај за спроведените избори на Конгресот.

## IV. ПРЕДЛАГАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ДЕЛЕГАТИ НА КОНГРЕС И ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ, СОВЕТ, НАДЗОРЕН ОДБОР И СТАТУТАРНА КОМИСИЈА НА НЕЗАВИСНИОТ АКАДЕМСКИ СИНДИКАТ

### 1. Предлагање и утврдување на кандидати за делегати на Конгрес

Член 12

Делегатите на Конгресот се избираат од редот на членовите на синдикалните организации, кои имаат право да изберат еден или најмногу двајца делегати (кај синдикалните организации со над 50 члена), што имаат освоено најмногу гласови од присутните членови на Собранието на синдикалната организација.

Член 13

За делегат на Конгрес може да биде предложено и избрано лице кое е најмалку 3 месеци член на синдикатот и кое редовно плаќа членарина.

Член 14

(1) Извештај за спроведените избори и список на избраните делегати, избирачкиот одбор, доставува во рок од 24 часа од извршениот избор до Изборната комисија. Мандатот на делегатите е 4 години.
(2) Во случај на настапување на условите за предвремен престанок на мандатот на делегат или член на Надзорниот одбор или Статутарната комисија на синдикатот, за нов делегат во Конгресот односно нов член во овие органи на место на делегатот односно членот, чиј мандат престанал стапува следниот делегат односно член од листата, кој имал најголем број на гласови на последните одржани избори.

Член 15

Извршниот одбор е должен, интегрираниот список на сите избрани делегати и делегати по функција, да го достави до Советот и до Изборната комисија, најдоцна 15 дена пред одржување на Конгресот.

Член 16

Доколку делегатот е спречен од оправдани причини да присуствува на Конгресот, истиот може да ополномошти друг член од синдикалната организација на која ѝ припаѓа, да присуствува на Конгресот и да гласа во негово име.

### 2. Предлагање и утврдување на кандидати за Претседател на Независниот Академски Синдикат

Член 17

(1) Предлози за кандидати за претседател на НАКС можат да поднесат сите синдикални организации на НАКС.
(2) Изборот на претседател се распишува 45 дена пред истекот на мандатот на претходниот претседател односно најдоцна 45 дена пред одржување на Конгресот.
(3) Мандатот на Претседателот на Синдикатот трае четири години.

Член 18

(1) Кандидатот за претседател може да биде само член кој најмалку 3 години е член на Синдикатот, кој редовно плаќа членарина, кој ужива углед во членството, кој има способност да воспоставува соработки со институциите на државата кои имаат ингеренции во работата на синдикатите, другите стручни здруженија и синдикати и способност за воспоставување на меѓународна соработка на синдикатот.
(2) Предложениот кандидатот има обврска најдоцна во рок од 15 дена од неговото предложување за кандидат за претседател на синдикатот, до Советот да достави пишана програма во која ќе ги изнесе своите ставови и активности за решавање на проблеми значајни за работничките права и проблеми со кои се соочуваат членовите на синдикатот, а кои се во ингеренции на синдикатот, како и визија за натамошните активности и дејствувања на НАКС, како на регионално, така и на меѓународно ниво.
(3) Со програмата предложениот кандидат за претседател на НАКС задолжително приложува изјава за прифаќање на кандидатурата.
(4) Програмата се доставува на разгледување на секој делегат поединечно, заедно со поканата за Конгрес и другите пропратни документи.
(5) Доколку предложениот кандидат не достави пишана програма и изјава за прифаќање на кандидатурата до Советот на НАКС во рокот од став 2 на овој член, се смета дека истиот се откажал од кандидатурата.

Член 19

(1) Советот, по разгледување на пријавите на предложените кандидати, во рок од 3 дена одлучува кои кандидати ги исполнуваат условите и изготвува предлог-листа.
(2) Доколку некој од кандидатите е одбиен од страна на Советот поради неисполнување на условите за кандидирање, истиот има право на жалба во рок од 3 дена од денот на доставувањето на одлуката за одбивање на кандидатурата, до Статутарната комисија. Статутарната комисија во рок од 24 часа одлучува по вложената жалба.
(3) Конечната предлог-листа се доставува до Изборната комисија.

## 3. Предлагање и утврдување на кандидати за Совет на НАКС, Надзорен Одбор и Статутарна комисија

Член 20

(1) Кандидатот за член на Советот, Надзорниот одбор или Статутарната комисија, може да биде секој член на синдикатот, кој редовно плаќа членарина и кој ужива углед во членството,
(2) Право на самокандидирање имаат само индивидуалните членови кои самостојно плаќаат членарина и немаат своја матична синдикална организација.
(3) Секоја синдикална организација предлага по 1 или најмногу 2 (кај синдикалните организации кои имаат над 50 члена) кандидати за членови на Совет, по 1 кандидат за член на Надзорен Одбор и по 1 кандидат за член на Статутарната комисија.
(4) Листата на кандидати кои освоиле најмногу гласови на Собранието на синдикалните организации, се доставува до Изборната комисија, најдоцна 24 часа од одржаните избори во синдикалната организација.
(5) Собранијата на синдикалните организации може да донесат одлука за поддршка на кандидати од други синдикални организации или поддршка на некој од самокандидираните индивидуални членови.

(6) Мандатот на избраните кандидати на овие три органи трае 4 години, со право на реизбор.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕ

Член 21

Изборната комисија изготвува листи за гласање кои ги доставува до делегатите на увид 7 дена пред одржувањето на Конгресот и ги превзема сите дејствија за спроведување на самото гласање.

Член 22

(1) Гласањето за избор на делегати и на кандидати за органи на НАКС, во синдикалните организации може да се спроведува на два начина, по претходно донесена Одлука на Советот и тоа:

А. непосредно со физичко присуство

Б. преку електронско гласање

(2) Гласањето на Конгресот за избор на органите е непосредно со физичко присуство и тајно. Гласање по електронски пат, може да се дозволи по исклучок само ако е обезбеден лиценциран софтвер што гарантира тајност.

## А. НЕПОСРЕДНО ГЛАСАЊЕ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО

Член 23

Синдикалните организации, начинот на непосредно гласање со физичко присуство, за избор на делегати и на кандидати за органи на НАКС, го уредуваат со одлука на Совет, донесена со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Член 24

Пред гласањето секој делегат на Конгресот се идентификува со лична карта или пасош, а во моментот на добивање на гласачкото ливче става своерачен потпис покрај своето име и презиме на избирачкиот список.

### 1. Гласање за Претседател на НАКС

Член 25

(1) Гласањето за Претседател е лично или преку полномошник, непосредно и тајно.
(2) Гласањето се врши лично со гласачки ливчиња.
(3) Гласачкото ливче содржи:

1. Име и презиме на предложените кандидати по азбучен ред,
2. Печат на синдикатот

(4) Пред името на секој кандидат се става реден број.
(5) Гласачкото ливче се пополнува така што се заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа.

Член 26

(1) За избран Претседател на синдикатот се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати на Конгресот на синдикатот.

(2) Доколку ниеден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство на гласови од став 1 на овој член, се спроведува втор изборен круг во кој учествуваат двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови во првиот изборен круг.

(3) Доколку некој од кандидатите кои влегуваат во вториот изборен круг се откаже, на негово место стапува кандидатот кој е следен по бројот на освоените гласови од првиот изборен круг.

(4) Во вториот изборен круг на гласањето, избран е оној кандидат кој добил мнозинство од гласови од вкупниот број на делегати кои присуствувале на Конгресот.

(5) Доколку има поднесено само една кандидатура за председател на синдикатот, за избран претседател на синдикатот се смета единствениот предложен кандидат доколку добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати во Конгресот на синдикатот.

Член 27

(1) Доколку Конгресот не избере Претседател на синдикатот, претседавачот на конгресот односно работното претседателство во рок од 15 дена од одржувањето на претходната изборна седница закажува нова изборна седница на Конгресот.

(2) Доколку и на новозакажаната изборна седница на Конгресот не се избере претседател на синдикатот, претседавачот на Конгресот во рок од најмногу 90 дена од одржувањето на претходната изборна седница закажува нова изборна седница на Конгресот, а целокупната процедура за избор на претседател на синдикатот се повторува, односно започнува од почеток.

(3) Во случај од ставот 2 на овој член, на досегашниот претседател и на сите органи и тела на синдикатот им се продолжува мандатот до избор на нов претседател.

Член 28

Кандидатите за претседател имаат право да делегираат наблудувач, кој ќе го мониторира целиот процес на гласање и утврдувањето на резултатите.

Член 29

(1) По завршувањето на гласањето, Изборната комисија започнува со утврдување на резултатите од гласањето.

(2) Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што прво се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се ставаат во посебен плик. Потоа се утврдува вкупниот број делегати кои гласале и се пристапува кон отварање на кутијата за гласање и пребројување на гласовите.

(3) По завршеното пребројување на гласовите се утврдува колку гласови добил секој кандидат.

Член 30

По завршувањето на гласањето, Изборната комисија поднесува извештај до Конгресот за резултатите од гласањето.

2. **Гласање за членови на Совет на НАКС, Надзорен одбор и членови на Статутарна комисија**

Член 31

(1) Гласањето за членови на Совет на НАКС, Надзорен одбор и членови на Статутарна комисија е лично или преку полномошник, непосредно и тајно.

(2) Гласачкото ливче за избор на членови на органите на синдикатот содржи:

1. Име и презиме на кандидатите предложени за членови на Советот, Надзорниот одбор или Статутарната комисија.
2. Печат на синдикатот

(3) Пред името на секој кандидат се става реден број.

Член 32

За членови на Надзорен одбор и Статутарна Комисија се гласа само за кандидатите наведени во гласачкото ливче поединечно и најмногу за онолку кандидати колку што се избираат членови, додека пак за членови на Совет, се гласа за или против целата листа на кандидати.

Член 33

(1) За неважечко се смета гласачкото ливче на кој е заокружен редниот број пред имињата на повеќе кандидати отколку што треба да се изберат членови, гласачкото ливче на кое се внесени и заокружени нови имиња, непотполнето гласачко ливче, како и гласачко ливче што е потполнето така што со сигурност не може да се утврди за кои кандидати гласал избирачот.

(2) За важечко се смета она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди волјата на избирачот.

Член 34

(1) По завршувањето на гласањето, Изборната комисија започнува со утврдување на резултатите од гласањето.

(2) Резултатите од гласањето се утврдуваат на тој начин што прво се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се ставаат во посебен плик. Потоа се пристапува кон отварање на кутијата за гласање и пребројување на гласовите.

(3) По завршеното пребројување на гласовите се утврдува колку гласови добил секој кандидат и се изготвува ранг листа на сите кандидати, според бројот на добиени гласови.

Член 35

По завршувањето на гласањето, Изборната комисија поднесува извештај до Конгресот, за резултатите од гласањето.

**Б. ЕЛЕКТРОНСКО ГЛАСАЊЕ**

Член 36

(1) Електронското гласање, може да се спроведе во синдикалните организации, секогаш кога не е можно одржување на непосредно гласање со физичко присуство, а по претходна одлука на Советот на синдикалната организација, донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Истото се спроведува преку електронска платформа, којашто овозможува видео и аудио конференциска врска или со употреба на електронска адреса.
(2) Електронско гласање на Конгрес се спроведува по исклучок и само доколку се обезбеди лиценциран софтвер кој овозможува тајно гласање.
(3) Постапката за електронско гласање ќе се разработи со анекс на оваа одлука.
(4) При електронско гласање не може да се гласа преку полномошник.

**VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 37

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје, 11.09.2020 год.

в.д. Претседател на НАКС

Независен академски синдикат НАкС * Скопје *

------------------------------------

Проф. д-р Елена Џукеска